**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1962/2**
**29.08.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 51 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 29.08.2025 г. (петок) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00 ч.
На Седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов.
Претседателот Попов го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 50. Седница**

1. **Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево" на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;**

2. **Предлог- одлука за давање на трајно користење на движни ствари- прочистувачи на воздух на ООУ „Ванчо Прке" Делчево и на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево;**

   Образлагач по точките 1 и 2 е Стефанија Стојчевска, раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината

3. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025;**

   Образлагач Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност

4. **Програма за измена и дополнување на Програмата за култура за 2025 година на Општина Делчево**

5. **Одлука за измена на Одлуката за утврдување реони во општинските основни училишта во Делчево**

   Образлагач по точките 4 и 5 е Ванчо Новоселски, советник за образование

6. **Годишен план за вработување за 2026 г на ООУ „Ванчо Прке" со Заклучок за давање согласност;**

7. **Годишен извештај за работа за 2024/25 г на ООУ „Ванчо Прке" Делчево со Заклучок за усвојување;**

   Образлагач по точките 6 и 7 е Горан Велков, директор на ООУ „Ванчо Прке" Делчево

8. **Годишен план за вработување за 2026 г. на ООУ „ Св.Климент Охридски" Делчево со Заклучок за давање согласност;**

9. **Годишен извештај за работа за 2024/25 на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точките 8 и 9 е Горан Димитровски, директор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево

10. **Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2026 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;**

11. **Годишен извештај за работа за 2024/ 25 г.на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

12. **Годишна програма за работа за 2025/26 г на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

13. **Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;**

14. **Предлог-Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца;**

Образлагач на точките 10, 11, 12, 13 и 14 е Билјана Симовска, директрор на ОЈУДГ „Весели цветови“ Делчево.

15. **Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ Делчево за Втор квартал 2025 г (01.01.2025-30.06.2025) со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката е Марија Сумрачка, одговорен сметководител

16. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1995/1 од 21.08.2025г. од КУД „Гоце Делчев“ Делчево;**

Образлагач Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред. Претседателот информираше дека точката број 15 од предложениот Дневен ред ќе се тргне по барање на предлагачот, ЈКП „Брегалница“, а Дневниот ред за Седницата да се прошири со една нова точка: Предлог-одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и го повика претставникот од ООУ „Ванчо Прке“, заменик-директорката Маријана Стоименовска да даде образложение за итноста на точката.

Маријана истакна дека во с. Ѕвегор се отпишале двајцата ученици во 2 одделение поради одење во странство и се создава потреба да се расформира комбинираната паралелка во 4 и 5 одделение и да функционираат како посебни одделенија.

По образложението, претседателот го стави на гласање предлогот оваа точка да биде ставена на Дневен ред.

**ЗА гласаа 15 советници**, односно Советот **едногласно** ја стави оваа точка на Дневен ред како 15 точка.

Вака променетиот Дневен ред беше ставен на гласање.

Дневениот ред беше усвоен **ЕДНОГЛАСНО**.

Потоа се отвори расправа по Записникот од 50. Седница. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот беше даден на усвојување. **Записникот беше усвоен ЕДНОГЛАСНО**.

1. **Точка број еден- Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево“ на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

Образлагач по точката е Стефанија Стојчевска, раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината. Таа истакна дека со оваа Предлог-одлука ќе се реши трајно проблемот со водоснабдувањето во селата Ѕвегор и Габрово. Во Одлуката е опишана недвижната ствар по кататстерски парцели сопственост на О. Делчево и ова е проект кој го водеше Министерството за животна средина преку склучена јавна набавка со изведувачот БАУЕР. Сопственоста на 18.08.2025 г. е предадена на Општина Делчево во сопственост, а Општината, недвижната ствар, треба да ја предаде на трајно користење без надомест на ЈКП „Брегалница“ за да стопанисува, да го стави во функција, да го одржува во исправна состојба и да го користи исклучиво за намената за која се дава.

По образложението, претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

**ЗА гласаа сите 15 советници** и претседателот констатираше дека точката **Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар „Водоснабдителен систем на с.Ѕвегор и водоснабдителен систем на с.Габрово, Општина Делчево“ на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево е едногласно усвоена.**

2. **Точка број два- Предлог- одлука за давање на трајно користење на движни ствари- прочистувачи на воздух на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево**

Образложение и по оваа точка даде Стефанија Стојчевска. Таа истакна дека Владата на РМ донесе Одлука на 15.07.2025 г со која на О. Делчево додели 2 прочистувачи на воздух и се склучи Договор за уредувања на правата меѓу Општината и Генералниот секретаријат на Владата со што во член 3 од Договорот стои дека најдобро е прочистувачите на воздух да се доделат на трајно користење на двете основни училишта.

По образложението беше отворена расправа.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски. Тој ја надополни информацијата од образлагачот и рече дека прочистувачите на воздух се дадени од Секретаријат на Владата, не на РСМ, туку на РМ. Второто надополнување е дека по претходни мерења на квалитетот на воздухот во училиштата во Македонија е утврдена потребата за вакви прочистувачи на воздухот во општините каде има потреба за тоа. Прочистувачите се со одличен квалитет има сертификат за стандард и станува збор за опрема од која бенефит ќе имаат нашите деца.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 15 советници** со што беше усвоена точката **Предлог- одлука за давање на трајно користење на движни ствари- прочистувачи на воздух на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево и на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево.**

3. **Точка број три- Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност. Тој истакна дека со оваа Програма се врши измена на дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година

донесена од страна на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр. 2/2025, 13/2025 и 14/2025). Се работи за 2 иницијативи во опфатот на катастарска општина Бигла за поставување фотоволтаици, а трошоците се на приватни инвеститори. Петровски нагласи дека за една иницијатива за КП бр. 5512, во Секторот за урбанизам беа жители кои живеат во непосредна близина на планираната инвестиција за да изразат протест, бидејќи не се согласуваат со планираната инвестиција за поставување фотоволтаици. Таму има 4 или 5 станбени објекти кои се на растојание од 20 метри. „Ние им објаснивме дека законски пречки за поставувањето на фотоволтаиците нема и од страна на Министерството за животна средина не постои некој правилник кој го третира ова прашање, бидејќи фотоволтаиците не се сметаат за штетна инсталација. Жителите изразија сомнеж за тоа и јас ве информирам вас како советници. Тие најавија дека ќе се жалат писмено пред еден месец, но не доставија. Така што иницијативата продолжува, Комисијата за урбанизам ги прифати иницијативите", истакна Петровски.

По образложението, претседателот Попов отвори расправа. Бидејќи никој не побара збор, ја затвори расправата и точката ја стави на гласање. **ЗА гласаа сите 15 советници**.

Претседателот констатираше дека **Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 е усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

4. **Точка број четири- Програма за измена и дополнување на Програмата за култура за 2025 година на Општина Делчево**

Образлагач по точките 4 и 5 е Ванчо Новоселски, советник за образование. Тој рече дека во Програмата за култура на Општина Делчево за 2025 година, број 09-237/1од 29.01.2025 година, на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.3/2025), во точка 5.16 „Одбележување годишнина од ослободувањето на Делчево-Одбележување годишнина од независноста на Република Северна Македонија", во делот Активности, по алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи: Организирање целовечерен концерт на познати македонски музички артисти. Алинеите 7 и 8 стануваат алинеи 8 и 9. Во Табелата „VI Акциски план за Програмата за 2025",**точка 15, колона буџет, „30.000,оо" се заменува со „ 650.000,оо ".** Во Табелата „VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ -4.1 Табеларен преглед на настани и финансии", **точка 12, колона Буџет во денари, „30.000,оо" се заменува со износ „650.000,оо".** Во Табела 1 од Табеларен преглед на настани и финансииво делот **вкупно, колона Буџет во денари„677.000,00" се заменува со износ „1.297.000,оо".** Во Табела 1+2 од Табеларен преглед на настани и финансии во делот **вкупно, колона Буџет во денари„877.000,00" се заменува со износ „1.497.000,оо".**

Новоселски посочи дека станува збор за концерт на Камерниот оркестар од Битола со вокали: Тамара Тодевска, Антонија Гиговска, Дани Димитровска и Ристо Самарџиев.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 14 советници** и **1 ВОЗДРЖАН**. По гласањето, претседателот констатираше дека точката **Програма за измена и дополнување на Програмата за култура за 2025 година на Општина Делчево, е усвоена.**

5. **Точка број пет- Предлог-одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување реони во општинските основни училишта во Делчево**

Образложение и по оваа точка даде Ванчо Новоселски. Тој истакна дека во Одлуката за утврдување реони во општинските основните училишта од Општина Делчево бр.09 – 1470/1 од

07.07.2022 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.9/2022“), во член 2 став 1, Реон„Ново Делчево“, точка 13 се менува и гласи:

Дел од ул „Булевар Македонија“ и тоа: од левата страна на ул.„Булевар Македонија“ од зграда број 043 до крај, а од десната страна од раскрсница ул „Булевар Македонија“ со ул.„Методи Митевски- Брицо“ до крајот на ул „Булевар Македонија“.Во член 8 став 1, Реон„ Ново Делчево“, по точка 2 се додава нова точка 3 која гласи:

Дел од ул „Булевар Македонија“ и тоа: од левата страна на ул „Булевар Македонија“ од број 001 доброј 041, од десната страна на ул „Булевар Македонија“ од раскрсницата на ул „Булевар Македонија“ со ул. „Индустриска“ и ул. „Македонска“ до раскрсница на ул. „Булевар Македонија“ со ул. „Методи Митевски- Брицо“.

По образложението, претседателот отвори расправа.

За збор се јави советникот Сашко Ивановски кој рече дека оваа Одлука е за поздравување, бидејќи се враќа старата состојба со делбениот биланс на реонизацијата. Тој рече дека како познавач на приликите, укажува и на неколку недоследности во реонизацијата и советникот за образование во иднина треба да направи уште неколку корекции, бидејќи се одземени територии на едно училиште на сметка на другото. Согласно со делбениот биланс меѓу двете училишта, Ѕвегорска Река беше во ООУ „Ванчо Прке“, исто дел од Ново Делчево со улица „Орце Николов“ со „Трст“ , и дел од Милково Брдо кој имаше назив „пензиска клупа“ припаѓаше на ООУ „Ванчо Прке“, истакна Ивановски. „Свесен сум дека двете училишта мора да водат ред за демографијата и да има подеднакво деца, но се соочуваме со еден друг проблем, и не знам дали сега е времето да го кажеме- доколку бројот на Македонци падне под 80% ќе треба да се отвораат паралелки на националностите што значи дека ќе започне нов процес во образованието и треба да се превенираат тие состојби“, посочи Ивановски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 15 советници** и претседателот констатираше дека **едногласно е усвоена** О**длуката за измена на Одлуката за утврдување реони во општинските основни училишта во Делчево.**

6. **Точка број шест-Годишен план за вработување за 2026 г на ООУ „Ванчо Прке“ со Заклучок за давање согласност;**

Образложение даде Маријана Стоименовска, заменик-директор во ООУ „Ванчо Прке“, таа истакна дека има планирано едно вработување и тоа има предвидено работно место-хигиеничар -помошен-технички персонал на неопределено време заради испразнување на работното место по спогодба за прекин на договор за вработување.

По образложението за збор се јави советникот Кире Тренчевски кој побара петминутна пауза. Предлогот беше прифатен.

По паузата, претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 7 советници, а 8 беа ВОЗДРЖАНИ.** Претседателот констатираше дека **НЕ Е УСВОЕН Годишниот план за вработување за 2026 г на ООУ „Ванчо Прке“.**

7. **Точка број седум- Годишен извештај за работа за 2024/25 г на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образложение даде Маријана Стоименовска таа рече дека Годишниот извештај е предвиден во Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Во ООУ „Ванчо Прке“ во учебната 2024/25 учеле 445 ученици од кои Македонци се 380, Роми 59 и Турци 6. За подобрување на условите за работа има поставено стратешки цели кои се реализирани: подобрување на материјално-техничките услови во кои се реализира наставата, реконструкција на фасадата, на санитарните јазли, како и обезбедување квалитетна настава и воннаставни активности, како обезбедување смарт-табли, евиденција на кавлитетот и квантитетот. Средниот успех бележи подобрување и е 4, 8, а највисок е во 4-то одделение 4, 68, а најнизок во 5-то одд и е 4, 13. За изостаноците, Маријана истакна дека вкупно оправдани и неоправдани изостаноци се 15.356. Во Извештајот е даден распоредот и прегледот на активностите и сите реализирани проекти. Маријана изрази благодарност за соработката со локалните институции, како Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден“, ТППЕ Делчево, ОО на Црвен крст, ОВР Делчево и сл.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи за збор не се јави никој, точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 7 советници, 5 советници беа ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ**, при што претседателот констатираше дека **е усвоен Годишниот извештај за работа за 2024/25 г на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.**

8. **Точка број осум- Годишен план за вработување за 2026 г. на ООУ „ Св.Климент Охридски“ Делчево со Заклучок за давање согласност;**

Образложение по точката даде Горан Димитровски, директор на ООУ „Св. Климент Охридски“.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 5 советници и 9 ВОЗДРЖАНИ**, при што претседателот констатираше дека **НЕ Е УСВОЕНА** точката **Годишен план за вработување за 2026 г. на ООУ „ Св.Климент Охридски“ Делчево.**

9. **Точка број девет- Годишен извештај за работа за 2024/25 на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образложение и по оваа точка даде Горан Димитровски, директор на ООУ „Св. Климент Охридски. Тој истакна дека во Извештајот за учебната 2024/25 година се нотирани активностите и ангажманот на наставниците и стручните соработници за реализација на програмите за унапредување на наставниот процес, за интерни и екстерни проекти. Целта е создавање стимулативна средина за учење, ангажирање за работа на ученичкиот парламент, Советот на родители, спортски активности, грижа за здравје на учениците, уредување на училиштето, професионален развој на наставниот кадар и сл., како и афирмација на училиштето и подобрување на имиџот на училиштето. Средниот успех на училиштето е 4,5.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 8 советници, 6 беа ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН**, при што претседателот констатираше дека е **УСВОЕНА** точката **Годишен извештај за работа за 2024/25 на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево.**

10. **Точка број десет- Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2026 година со Предлог-Заклучок за давање согласност;**

Образлагач на точката беше Билјана Симовска, директрор на ОЈУДГ „Весели цветови" Делчево. Таа рече дека согласно со потребите на детската градинка се констатира дека во ГПВ за 2026 г. нема промени, станува збор за истиот план за вработување од 2025 г. со тоа што ќе има едно пензионирање од страна на помошно-техничка служба-хигиенирчар и остануваат предвидените вработувања од 2025: главен готвач, садомијач, сервирка и хигиеничар.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА** гласаа 7 советници и 8 **ВОЗДРЖАНИ**, при што претседателот констатираше дека **НЕ Е УСВОЕНА** точката **Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево за 2026 година.**

11. **Точка број единаесет- Годишен извештај за работа за 2024/ 25 г.на ОЈУДГ „Весели цветови" Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска. Таа истакна дека Годишниот извештај е законска и статутарна обврска и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност во детската градинка, како организиран вид на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст. Целите и задачите кои беа поставени во Годишната програма за успешно згрижување и воспитување на децата во 2024/25 г беа целосно реализирани, како во квантитативна, така и во квалитативна смисла. Во Извештајот се детално објаснети активностите околу реализација на проектите и програмите.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 7 советници, 2 ВОЗДРЖАНИ и 6 ПРОТИВ**, при што претседателот констатираше дека **е УСВОЕНА** точката **Годишен извештај за работа за 2024/ 25 г.на ОЈУДГ „Весели цветови".**

12. **Точка број дванаесет- Годишна програма за работа за 2025/26 г на ОЈУДГ „Весели цветови" Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска. Таа истакна дека раниот детски развој и раното детство се важни за севкупниот развој на личноста, на емоционалниот, интелектуалниот и социјалниот развој, а со тоа и на важноста на создавање услови за тој развој. И Програмата за 2025/26 г е дадена преку: појдовни основи за организирање на дејноста, за организациска поставеност, услови за работа, следење и унапредување на дејноста, план и програма за работа на директорот, проценка на потребите на градинката, програма за работа на стручните работници, здравствена заштита на децата, јавна и културна дејност, соработка со семејството и др. организации и институции и сл.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 14 советници**, а **1 беше ВОЗДРЖАН**, при што претседателот констатираше дека е УСВОЕНА точката **Годишна програма за работа за 2025/26 г на ОЈУДГ „Весели цветови" Делчево.**

13. **Точка број тринаесет- Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови"- ОДЛУКА за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска. Таа истакна дека согласно со одлуката на ниво на Совет на воспитувачи и негователи на установата и одлуката на УО на

установата се утврди почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за објект бр. 2, кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, работното време да биде од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот. Доколку има потреба и барање од родители, може да се продолжи завршетокот на работното време.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА** гласаа 15 советници, при што претседателот констатираше дека е **ЕДНОГЛАСНО Е УСВОЕНА** точката **ОДЛУКА за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево.**

14. **Точка број четиринаесет- Предлог-Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска. Таа нагласи дека УО на установата донела Одлука за формирање групи со поголем број деца за воспитната 2025/26 г, затоа што потребите го налагаат тоа, без оглед на оптоварувањето на установата и врз перосналот. Со последниот ден имало 89 дечиња на листата на чекање, но и овој пат градинката не успеала да ги згрижи сите. „Само 54 ќе можеме да згрижиме, немаме група под 25 дечиња. И во наредниот период до донесување на следниот буџет, ќе е така, бидејќи 7 милиони денари се скратени од блок-дотациите од градинката што значи дека до донесување на новиот буџет, градинката нема да може да вработува. Намалени се материјалните трошоци во делот на блок-дотациите и нека биде ова поттик и на вас и на следниот состав малку да се обрати внимание и да се лобира, бидејќи со години station наназад- од 25 милиони стигнавме до 40 мил, и сега веднаш ни се земени 7 милиони и треба да се делува во тој дел, бидејќи скапотијата е на високо ниво, градинката останува 1.490 ден, нека е ваше размислување да се направи нешто во тој дел, бидејќи сега сме во недобра ситуација. Излеговме во пресрет на 54 семејства, но 35 остануваат незгрижени“-образложи Симовска.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА** гласаа **15 советници**, при што претседателот констатираше дека е **ЕДНОГЛАСНО Е УСВОЕНА** точката **Одлука за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца;**

15. **Точка број петнаесет- Предлог-одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

Образлагач по точката беше Маријана Стоименовска, заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“ која повторно нагласи дека е потребна Измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ донесена на Советот, бидејќи во с. Ѕвегор се отпишале двајцата ученици во 2 одделение поради одење во странство и се создава потреба да се расформира комбиниранатa паралелка во 4 и 5 одделение и да функционираат како посебни точки.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање. **ЗА гласаа 15 советници**, при што претседателот констатираше дека е **ЕДНОГЛАСНО Е УСВОЕНА- Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.**

**16.** Точка број шеснаесет - **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1995/1 од 21.08.2025г. од КУД „Гоце Делчев“ Делчево;**

Образложение по точката даде претседателот Гоце Попов. Тој го образложи Барањето доставено до Советот, а поднесено од КУД „Гоце Делчев“ во кое се бараат 60.000 денари финансиска поддршка за да може да ја реализираат својата програма и да настапат на фестивалот за учество на престижниот светски фестивал „Силивири-Истанбул“ во Република Турција којшто ќе се одржи во периодот од 14 до 20 септември 2025 година. Претседателот предложи да им се одобрат 60.000 денари од Буџетот на Општината.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

**ЗА гласаа 15 советници**, при што претседателот констатираше дека е **ЕДНОГЛАСНО Е УСВОЕНА Одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 21-1995/1 од 21.08.2025г. од КУД „Гоце Делчев“ Делчево**

Бидејќи беше исцрпен Дневниот ред, претседателот ја прогласи за затворена 51-та Седница на Советот на Општина Делчево.

Седницата заврши во 10.30 ч

**Записничар**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**